РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА ФЕВРУАРИ 2010 ГОДИНА

Март 2010 година

# I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. Во рамките Програмата ИПА 2007 направена е евалуацијата на понудите и избран е најповолниот понудувач за испорака на ИТ опрема, со која ќе се зголемат перформансите на компјутерската мрежа на Царинската управа и дел од стариот хардвер ќе се замени со нов.

2. Во февруари, 2010 година Царинската управа ги донесе следните упатства :
   - Упатство за работа со Електронскиот систем за управување со документи (ЕДМС);
   - Корисничкото Упатство за работа со софтверот за фактурирање на закупнини во рамки на ЕДМС;
   - Корисничко Упатство за работа со софтверот за евиденцијата на лабараториските материјали во рамки на ЕДМС;
   - Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на запленета стока, во рамки на ЕДМС;
   - Ново Упатство за работното време во Царинската управа со кое се уредува прекувремената работа, начинот на кој истата се остварува, паузата во текот на денот, отсуствата за време на работното време, начинот и постапката за евидентирање на времето поминато на работа, отстапувањата од полното работно време, контролата на работното време, начинот на регистрирање на времено поминато на работа, пристапот до и во службените простории од страна на вработтните и надворешни лица;
   - Ново Упатството за внатрешниот контролен систем на Царинската управа, со кое се уредува внатрешниот контролен систем како континуиран процес кој ги вклучува сите видови на финансиски и други контроли.

3. Во февруари 2010 година Царинската управа наплати вкупно 3.300 милиони денари на име буџетски приходи, од кои 2.550 милиони денари отпаѓаат на приходи при увоз, а 750 милиони денари се приходи од акцизи наплатени во домашен промет. (Од 01.01.2010 година управувањето и наплатата на сите видови акцизи на целата територија на Република Македонија е пренесено од Управата за јавни приходи на Царинската управа.)

   На име царина и други царински давачки во февруари 2010 година се наплатени 279 милиони денари, што е за 35% помалку од остварувањето во истиот период во 2009 година. Причината за падот на наплатените царински давачки во февруари 2010 година, во однос на истиот период

од 2009 година, се должи на намалување на царинските стапки, согласно обврските кон СТО, како и либерализацијата во договорите за слободна трговија. Намалениот обем на увоз се должи на светската глобална економска криза која се рефлектира и врз домашното стопанство. Значаен пад на приходите има кај увозот на воздухоплови и нивни делови, возила и нивни делови и прибор, шеќер и производи од шеќер, тутун и облека.

Иако наплатените царински давачки за увоз на бел шеќер и производи на шеќер, во февруари 2010 година се намалени за 86.5% во однос на истиот период 2009 година, количинскиот обемот на увоз на бел рафиниран шеќер е зголемен, но во февруари 2010 година целокупната количина на шеќер е увезена со преференцијална стапка што не е случај со увозот во истиот период 2009 година. Белиот шеќер во 2009 година се увезувал со полна царинска стапка од 30% бидејќи во истата година немало увоз со преференцијално потекло. Царинска стапка слобоно, при увоз на шеќер, согласно договорите за слободна трговија има само за шеќер со потекло од Србија, Босна и Херцеговина и Косово.

Во февруари 2010 година се бележи драстично намалување на приходите од царинските давачки и кај тутунот и производите од тутун кое изнесува 75% во однос на приходите во истиот период минатата година (разлика од 8.33 милиони денари). Ова се должи на намалениот увоз на цигари (само 87 кг ), во однос на февруари 2009 година, кога вкупно се увезени 40 000 кг цигари. Исто така и при увозот на тутун суров и непреработен, делумно или целосно оджилен (режан) има намален обем на увоз по маса, но зголемен по вредност, а наплатените давачки се значително помали поради увоз со преференцијална царинска стапка. Во 2009 година увоз на таков тутун нема, односно има увоз само на отпадоци од тутун кои се царинети со МФН царинска стапка.

Во февруари 2010 година евидентно е зголемување на приходите од царинските давачки во однос на февруари 2009, во вкупен износ од околу 12 милиони денари за следната група на производи: зеленчук, корења и грутки за јадење, овошје за јадење, производи врз база на жита, брашно, скроб или млеко и минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци.

На име ДДВ во февруари 2010 година се наплатени 2.195 милиони денари, што е за 25% помалку од оствареното во истиот период во 2009 година. Слична е состојбата и со падот на наплатените приходи од ДДВ

за 734 милиони денари во однос на февруари 2009, што се должи на намалениот обем на увоз кај претходно наведените стоки.

Наплатените приходи од надоместоци изнесуваат 20 милиони денари кои во однос на февруари 2009 година се поголеми за 39%.

Приходите од акциза од увоз на стоки, изнесува 57 милиони денари, што е 5% помалку од остварувањето во месец февруари 2009 година. додека пак приходите од акциза од домашен промет изнесуваат 750 милиони денари и претставуваат 12% помало остварување од месец февруари 2009 година.

На име акциза за нафта и нафтени деривати наплатени се 520 милиони денари што е за 3% поголемо остварување од месец февруари 2009 година. Наплатени приходи од акциза за алкохол и алкохолни пијалоци изнесува 13 милиони денари што е за 14,6 % помало остварување од месец февруари 2009 година. Акцизата за пиво изнесува 32 милиони денари што е за 14% помало остварување од месец февруари 2009 година. Приходите од акциза за тутун и тутунски производи изнесуваат 185 милиони денари што е за 36% помалку во однос на месец февруари 2009 година.

4. Врз основа на дополнителни контроли (пониска декларирана вредност на стоката како основа за пресметување на увозните давачки, неправилно декларирано потекло на стоката, како основа за ослободување од плаќање царини, неправилно тарифно распоредување за примена на пониска царинска стапка и др.), во февруари 2010 година изготвени се 73 решенија за дополнителна наплата во вкупен износ од 12,1 милиони денари (околу 200 илјади евра).

5. Во февруари Царинската управа ги издаде следните лиценци и одобренија:
   - 6 одобренија за правни лица за вршење работи на застапување во царински постапки,
   - 4 лиценци за физички лица за вршење работи на застапување во царински постапки,
   - 5 одобренија за постапки со економски ефект (увоз за облагородување),
   - 4 одобренија за царински склад,
   - 36 задолжителни тарифни информации,
   - 5 одобренија за овластен примач,
   - едно одобрение за одобрен извозник,
   - 6 одобренија за локално царинење при складирање и увоз,

- 13 одобренија за локално царинење при извоз,
- 55 одобренија за скратена постапка за постапки со економски ефект,
- 2 одобренија за повластен тарифен третман,
- едно одобрение за постапка за ставање на стока во просторија за привремено чување,
- едно одобрение за посебен вид на пломби.

## II. Административен капацитет

6. Во февруари 2010 година се реализирани 12 обуки, на кои учествуваа 100 царински службеници, во вкупно времетраење од 305 часа. Просечното времетрење на обука за вработените кои посетувале обука е 30,80 часа, додека просечното времетраење на обуката за секој вработен е 2,74 часа.

   Во насока на зајакнување на административниот капацитет одржани се следните обуки, семинари, работилници и работни средби:
   - Во организација на Стокхолмски институт за истражување на меѓународен мир (СИПРИ) во Блед, Словенија организирана е регионална студиска посета за истражни дејства и гонење на прекршоците на контрола на извоз;
   - Семинар за иднината на царината – Визија 2013-2020 одржан во Рука, Финска;
   - Студиска посета за анализа на ризик која се одржа во Љубљана, Словенија;
   - Амбасадата на САД во Тирана организираше Регионална обука за прогон во врска со контрола на извозот;
   - Во рамките на програмата за техничка помош со Царинската управа на Холандија, организирана е обука за воведување на подобрување на менаџерските вештини и начинот на раководење во Царинската управа;
   - Во организација на Министерството за внатрешни работи во Центарот за обука во просториите на ОБСЕ, оргнаизирана е обука за откривање на криминал со моторни возила;
   - Во организација на Државната комисија за жалби по јавни набавки, одржана е стручна работилница на тема „Правна заштита во постапките за јавни набавки“;
   - Секретаријатот за европски прашања заедно со Институтот за јавна администрација – Даблин, во Скопје, организираше обука за преговарачки вештини за раководителите на работните групи под

Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ – НПАА;
- Движењето на екологистите на Македонија – ДЕМ и Министерството за животна средина на Германија, организираа обука за теми поврзани со запознавање и заштита со биолошката разновидност во пограничниот појас и прекугранична соработка за спречување на илегалната прекугранична трговија со ретки и заштитени растителни и животински видови;
- Петта обука, како продолжение на Програмата за основна обука за царински службеници, кои се распоредени во Централна царинска управа и за прв пат се здобиваат со статус на униформирано лице;
- Воведен курс за нововработени царински службеници и
- Работилница за обучувачи.

## III. Интегритет и борба против корупција

7. Во текот на февруари 2010 година се реализирани 9 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа.

   Врз основа на спроведените истраги, во 3 случаи се утврдени основани сомненија дека царински службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, оперативните инструкции и етичкиот кодекс, односно констатирано е непостапување согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење во Царинската управа, непочитување на одредбите од член 20 од Кодексот на однесување и член 12 став 1 од Законот за спречување на судир на интереси и начин на постапување со мостри во врска со член 196 точка 5 од Царинскиот закон и Уредба за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки.

   Во останатите 6 случаи не е утврдено работење на царинските службеници, кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

   Врз основа на спроведените истраги, запрени се 4 дисциплински постапки против 4 царински службеници.

   На крајот на фебруари 2010 година, против Царинската управа беа активни 104 судски предмети врз основа на спор од работен однос. Од

нив, 43 предмети се наоѓаат во основните судови, со старост од 1 до 10 месеци. Во постапки кај апелационите судови се наоѓаат 35 предмети со старост од 1 до 12 месеци. Во постапки пред Врховен суд се наоѓаат 26 предмети со старост од 1 до 36 месеци.

Во текот на февруари, од основните судови се примени 4 пресуди по тужби против решенијата на Комисијата и на Царинската управа, од кои со една пресуда е одбиено тужбеното барање за поништување на решение за престанок на работен однос, а со 3 пресуди се уважува тужбеното барање за поништување на решението за отказ или суспензија.

Во истиот месец, од апелационите судови се примени 3 пресуди по жалби на пресудите на основните судови, од кои со две пресуди се уважува жалбата на тужителот и се потврдени првостепените пресуди со кои е поништено решението за отказ или распоредување, а со една пресуда е одбиена како неоснована жалбата на тужителот и е потврдено отказното решение.

8. Од вкупно 169 кривични предмети во временски период од 2002 до 2010 година, на крајот на февруари 2010 година, сеуште во судска постапка се 108 кривични предмети против 90 лица сеуште вработени во Царинската управа и 84 поранешни вработени лица. Кривичните предмети се со старост од 2 месеци до 7 години.

   Со завршена судска постапка и конечна одлука се вкупно 50 кривични предмети, додека за 11 нема информација во кој статус се наоѓаат.

   Кај основните судови во постапка се 100 кривични предмети, со старост од 2 месеци до 7 години.

   Од вкупниот број на кривични предмети кои се наоѓаат пред основните судови, 40 предмети се наоѓаат во фаза на истрага, 11 предмети се вратени на повторно одлучување, 10 предмети се наоѓаат во судска расправа, додека 39 предмети се наоѓаат во фаза на судско вештачење.

   Кај апелационите судови во постапка се 8 предмети со старост од 1 до 5 години. Во соработка со Министерството за внатрешни работи е поднесена 1 кривична пријава, која се наоѓа во постапка кај Основното јавно обвинителство.

   Во текот на овој месец Одделението за внатрешна инспекција по извршените контроли во организационите единици на Царинската

управа, а во врска со утврдените недостатоци и неправилности во работењето, изготви 6 извештаи и истите ги достави до надлежните раководители. Извештаите се однесуваат за ненавремено поднесување на решенија за наплата на царински долг и ненавремено поведување на прекршочни постапки, погрешно утврдување на царински должник во решение за дополнителна наплата на царински долг, утврдување на постапките за прием на царински декларации при увоз на стоки за крајна употреба, како и утврдување на причините кои довеле за надминување на износите на транзитните гаранции. Постапувајќи согласно Законот за постапување со претставки и предлози изготвени се 2 извештаи.

Управата за финансиска полиција е известена, за покренување соодветни постапки за утврдување на одговорност за ненаврамено активирање на банкарски гаранции за обезбедување на царински долг по основ привремен увоз.

9. Во февруари се извршени 2 внатрешни ревизии, при што се констатирани 9 наоди и дадени се 9 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

10. Во февруари 2010 година преку отворената царинска телефонска линија 197 се примени 2.739 повици. Заради полесно координирање и постапување со информациите истите се класифицирани и доставени до надлежните служби за понатамошно постапување.

    На официјалната интернет страница на македонски јазик објавени се 34 инфромации, додека на англиски и албански јазик објавени се 24 информации.

    Во овој месец Царинската управа одговори на 134 прашања поставени од страна на бизнис заедницата и граѓани, преку интернет страницата и во хартиена форма.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

11. Специјалните единици на Царинската управа во февруари 2010 година извршија преглед на 315 товарни моторни возила, 131 автобус, 244 патнички моторни возила, или вкупно на 690 транспортни средства. На

граничните премини и на царинските терминали извршени се вкупно 1.025 скенирања од страна на Службата за мобилни скенери на 939 товарни моторни возила, 50 патнички моторни возила и 36 автобуси .

На внатрешните карински испостави и граничните премини, од царинските работници спречени се повеќе обиди за шверц и криумчарење на стоки. При тоа вкупно се запленети и задржани околу 59 илјади парчиња разновидна стока од кои позначајни се:

- 12 илјади парчиња предмети за домаќинство,
- 15 илјади парчиња бижутерија,
- 2,5 илјади парчиња готови текстилни производи,
- 2,4 килограми злато,
- 2 илјади парчиња канцелариски матерјал,
- 6 илјади м² еко кожа,
- 440 м² дрвени табли и 16 илјади парчиња ситен градежен материјал,
- 868 парчња фамацевски производи и медицински прибор,
- 130 парчиња ловечка и гасна муниција,
- 183 парчиња мобилни телефони,
- 4,5 илјади американски долари и 5 илјади евра.

12. Царинската управа до основните јавни обвинителства во текот на февруари 2010 година поднесе 10 пријави за покренување на кривични постапки против 13 физички лица и 6 правни лица. Основите за поднесување на кривични пријави се следните:
    - криумчарење – 2 кривични пријави против 2 физички лица,
    - фалсификување и употреба на исправа и симнување и оштетување на службен знак – 1 кривична пријава против 1 физичко лице,
    - фалсификување на знаци на вредност – 1 кривична пријава против 3 физички лица,
    - царинска измама – 6 кривични пријави против 7 физички лица и 6 правни лица.

13. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 55 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 11 барања по прекршочна пријава за возила доставени од МВР, 5 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа, 38 барања по записник за царински прекршок доставени од царинските испостави, и 1 вратен предмет од основеn суд.

    Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во февруари 2010 година реши 59 предмети во редовна и итна постапка и

за истите изрече глоба во вкупен износ од 4,9 милиони денари ( односно околу 80 илјади евра).

Во рамки на царинарниците во февруари 2010 година се изречени 141 мандатни казни на сторители на царински прекршоци во вкупен износ од околу 1,3 милиони денари (околу 21,3 илјади евра).

Против решенијата на Царинската управа за утврдена прекршочна одговорност во февруари од Управниот суд се примени 18 тужби и во законски определениот рок се доставени 18 одговори на истите. Од Управниот суд се примени 26 пресуди, од кои, со 16 пресуди се потврдуваат решенијата на Царинската управа, со 5 пресуди се поништуваат решенијата на Царинската управа и се враќаат на повторно постапување и со 5 пресуди мериторно се пресудува и се укинуваат решенијата на Царинска управа. Во постапка на порамнување се решени 11 предмети. До Комисијата се поднесени 6 жалби и во законски определениот рок се доставени 6 одговори на жалби до Врховниот суд.

14. Поради основано сомневање дека се работи за фалсификувани трговски марки Царинската управа во февруари 2010 година интервенираше при повеќе обиди за повреда на правото од интелектуална сопственост и привремено задржа 3.835 парчиња стока, поради основано сомневање дека се работи за фалсификувани трговски марки.

    Во овој месец е прифатено едно барања за преземање на царински дејствија според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и тоа за трговската марка XEROX.

    Во февруари 2010 година Царинската управа донесе одобренија за уништување на 50.815 парчиња стока која повредува право од интелектуална соптвеност и тоа за трговските марки: KAPPA, ADIDAS, LACOSTE, NIKE, ARMANI, PRINCO, VERSACHE, PANOASOUNIG, GUCCI, NOKIA и SONY ERICSSON. Уништени се 4.847 парчиња облека, а од сомнение за повреда на правата од интелектуална сопственост се ослободени 26.338 парчиња стока.

## VI. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

15. По повод една година од работењето на Советодавното тело, на 2 февруари се одржа свечена седница со присуство на стопанственици и

претставници на медиумите. На седницата беа презентирани постигнатите резултати од воспоставеното партнерство помеѓу царината и бизнис заедницата во насока на олеснување на трговијата и транспортот.

По повод 26 јануари, меѓународниот ден на Светската царинска организација, свечената седница на Советодавно тело беше збогатена со доделување на пофалници од оваа институција на членови на советодавното тело и царински службеници, за исклучителениот придонес во спроведувањето, подобрувањето и зајакнувањето на партнерството царина-бизнис, согласно препораките на Светската царинска организација.

16. На 4 и 5 февруари во Рука, Финска, се одржа Семинар за иднината на царината во ЕУ. за периодот 2013-2020. Генералните директори на царинските администрации од земјите членки, земјите кандидатите и потенцијалните кандидати за членство во ЕУ. ја разгледаа стратешката визија и заедничкиот пристап за нејзино остварување.

17. Во насока на градење на партнерски однос со бизнис заедницата, царинските службеници од Царинарница Штип, на 15, 17 и 19 февруари, одржаа презентации на тема „Поедноставени царински постапки". На презентациите присуствуваа претставници од 24 компани, кои беа запознаени со поедноставените постапки и придобивките од нивната примена.

18. На 17 февруари, во организација на Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ, се одржа официјалниот натпревар за избор на годишни награди од областа на информатичка и комуникациска технологија, за решенија со исклучителни достигнувања во овој домен.

Првата награда на стручната комисија за решение во јавниот сектор ја доби Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти – EXIM. Системот е имплементиран во рамките на владиниот Проект за воведување на едношалтерски систем за увоз и извоз (Single Window) и контрола при единствено застанување (One Stop Shop), координиран од Царинската управа, со поддршка на Агенцијата за меѓународен развој на САД – УСАИД. Иведувач на наградените решение е компанијата УЛТРА од Скопје.

19. Со цел унапредување на соработката и партнерскиот однос со деловната заедница, на 18 февруари, во царинарница Куманово,

беше одржана работна средба помеѓу претставници од Царинската Управа и имателите на одобренија за постапки со економски ефект.

На средбата, на која присуствуваа преставници од 13 иматели на одобренија, беа презентирани електронската апликација за издавање и следење на одобренијата за увоз за облагородување, упатството за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција и концептот на поедноставени постапки. Присутните беа запознаени со можноста за електронско аплицирање за добивање на одобренија за увоз за облагородување и со критериумите за намалување, односно елиминирање на износот на општата гаранција за обезбедување на долг во постапка на царинско складирање или на увоз за облагородување со систем на одложено плаќање на давачки.

20. На 19 февруари на граничниот премин Табановце се одржа заеднички состанок на Изврсшниот комитет на македонско-српскиот деловен совет на Стопанските комори, со претставници на Царинските управи, инспекциските органи и економските оператори од Република Македонија и Република Србија. На состанокот беше истакната улогата на царинските органи во олеснувањето на взаемната трговија преку поедноставување на царинските формалности и воведувањето на електронско царинско работење.

21. Царинската управа и аеродромскиот оператор ТАВ Македонија на 25 февруари склучија Договор за соработка, врз основа на договорот за концесија помеѓу Владата на Република Македонија и аеродромскиот оператор. Во кој се дефинирани условите за развој, финансирање, користење и одржување на Аеродромите „Александар Велики“ во Скопје, „Св. Апостол Павле“ во Охрид и изградба на Карго Аеродромот во Штип („Проект“). Со одредбите од договорот се регулираат начинот и делокругот на соработка, координација и заедничко дејствување помеѓу договорните страни, со цел олеснување и забрзување на движењето на стоки и патници, ефикасно користење на расположивите материјални, технички и човечки ресурси, како и минималните услови и начинот на определување на работниот простор на царинските органи.